# Пинокио



Еднаш, во едно време, си беше еден дрводелец, кој се викаше Џепето. Бидејќи беше осамен посака да си направи една дрвена кукла. Откако го обработи дрвото, виде дека ова се смее и ги ниша нозете како мало дете, па радосно извика:
"Ќе те наречам Пинокио и ќе те школувам".





Но, Пинокио беше лошко и лажливко: за секоја лага што ќе ја кажеше носот му растеше по една педа. Никогаш не сакаше да ги послуша мудрите совети што му ги кажуваше господинот Грило, кој живееше заедно со нив. За првиот училишен ден на Пинокио, Џепето, иако беше зима,




го продаде единственото палто што го имаше за да му купи буквар.



Пинокио на патот до училиште случајно сретна еден мал театар, па го продаде букварот за да може да је гледа програмата. Марионетите го препознаа и во негова чест организираа веселба правејќи голема врева. Човекот што ги имаше направено марионетите, Огноголтач, во почетокот беше лут и сакаше да го изгори Пинокио, но бидејќи Пинокио заплака, реши да изгори една стара кукла, Арлекин.

Пинокио му се заблагодари со целото срце. Огноголтачот реши да им го подари животот на обајцата. Пинокио, радосен, му го бакна врвот на носот. Другиот ден Огноголтачот му подари пет златни парички, а Пинокио си тргна кон дома.

На патот Пинокио сретна една саката лисица и еден слеп мачор, на кои невнимателно им откри дека е богат. Тие му понудија да ја удвои сумата, но Пинокио, бидејќи се сомневаше, ги стави златниците во устата и избега трчајќи.



Двајцата итреци, од кои ниту беше едниот куц ниту другиот слеп, го фатија и го обесија за едно дрво, па му ги украдоа парите. Но, господинот Грило, кој случајно минуваше од тука, ја повика на помош добрата самовила и таа му кажа на едно пиле да го ослободи Пинокио и да ѝ го донесе.



На сите прашања од самовилата Пинокио одговори со едно чудо лаги, па неговиот нос постојано раснеше. Тогаш самовилата замоли еден клукајдрвец со клунот да му го смали носот на Пинокио.

Тогаш Пинокио ѝ вети на добрата самовила дека ќе оди на училиште и дека ќе го слуша Џепето. Но, за несреќа, брзо ги заборави сите добри ветувања.



Другиот ден сретна едно друштво неранимајковци и заедно со нив отиде во забавниот парк. Таму се забавуваше, но едно утро ненадејно се најде претворен во магаренце, па се продаде во еден циркус.



Еден ден магаренцето се повреди, па го дадоа кај еден трговец, кој сакаше да го направи тапан, па затоа го фрли во морето за да се удави. За негова среќа, добрата самовила испрати неколку риби, кои ја распараа кожата од магарето во која имаше задремано Пинокио и така го ослободија, а тој се оддалечи пливајќи кон хоризонтот.



Наеднаш, пред него се појави огромната уста на еден кит, кој го голтна. Одејќи во стомакот на китот, Пинокио виде слаба светлина од свеќа. Тоа беше Џепето, кој откако ги слушна вестите за Пинокио, направи мал чамец и тргна да го бара, но и тој заврши во устата на китот.



Кога китот заспа, двајцата заедно се обидоа да се ослободат. За да стасаат на површината им помогна една туна.

Враќајќи се дома, Џепето се разболе. Тогаш Пинокио направи сѐ за да внимава на него. Работеше преку ден, а учеше навечер. Тогаш добрата самовила го претвори во вистинско момче. Од радост Џепето оздраве, па го продолжија животот заедно и среќни.





Ѓепето беше осамен човек и го наоѓаше друштвото во правењето на своите кукли

# ПРАШАЊА

- 1.  Како се викал дрводелецот кој направил дрвена кукла?
- 2. Како Џепето ја нарекол дрвената кукла?
- 3. Што му купил Џепето на Пинокио пред да тргне на училиште?
- 4. Што направил Пинокио со букварот?
- 5.Што му подарил огноголтачот на Пинокио?
- 6. Кој му ги зел златниците на Пинокио и зошто?
- 7. Зошто при разговорот со самовилата носот постојано му растел?
- 8. Што и ветил на самовилата?
- 9.Што се случило во забавниот парк?
- 10.Каде се сретнал повторно со својот татко?
- 11.Зошто самовилата го претворила Пинокио во вистинско момче?
- 12.Кои се ликови во приказната?
- 13. Опиши го ликот на Пинокио!
- 14. Кога и каде се случувал настанот?

  15. Која е пораката од приказната?